





# КАЊОН МАТКА

## фотографии на Влахо Бранѓолица

## 01-15 Април 1998

### Музеј на град Скопје

**КАЊОН МАТКА**

Република Македонија на својата територија има повеќе од 10% карстни предели кои изобилуваат со специфични површински (шкрапи, вртачи, ували, ...) и подземни форми (пештери, јами, ледници, ...). Како единствен активен субјект во нашата земја кој се занимава со истражување и документирање на спелеолошките објекти е Спелеолошкото друштво ***Пеони***. Во овие 36 години, колку што постои друштвото, спелеолозите на С.Д. ***Пеони*** имаат откриено 200 пештери во целата земја, што за жал се уште непознати за пошироката јавност.

Со одлука на Собранието на град Скопје, пределот на кањонот Матка во 1994 година е прогласен за споменик на природата и е даден на грижа и заштита на С.Д. ***Пеони.***

Како исклучиелно привлечно место, Кањонот Матка во последните неколку години, пред се поради вложените напори за негово уредување, го привлекува вниманието на голем број посетители од земјата и светот.

Голем број на локалитетите (остатоци од четири тврдини и неколку базилики од Римскиот период, осум цркви и манастири изградени од 12. до 14. век) природните реткости (десет пештери и две јами, ретки животински и растителни видови) и несекојдневните убавини на овој фасцинантен предел, се само дел од тајните кои ги крие кањонот Матка. Овој загадочен свет до кој водат скриени патеки е далеку од очите на јавноста. Поголемиот дел од ова богатство се наоѓа на непристапни и опасни места до кои е ризично да се дојде без обезбедување и соодветна опрема.

Во досегашниот период, од областа на екологијата во регионот Матка се реализирани неколку проекти од страна на С.Д. ***Пеони***, како што се *Заштита на орлите во матка, Прехранување на дивечот во зимскиот период, Мини зоолошка градина од ретки животински видови, Чистење на езерото, Создавање на спелеолошки парк* (заштита на пештерите) и слично.

Последниот значаен проект кој е организиран од страна на Планинарскиот сојуз на Македонија (СПСМ) и Сплеолошкото друштво ***Пеони*** е презентацијата на скриените вредности и природните убавини на Македонија преку медиумот на фотографијата. Проектот финансиски е подржан од страна на Институтот Отворено општество - Македонија. Изложбата на фотографии произлегува од овој проект кој е релизирана во кањонот Матка со помош на спелеолозите на С.Д. ***Пеони.***

***Самет Али***




Издавач:
Музеј на град Скопје

Одговорен уредник:
Климе Коробар

Организација на изложбата:
Сојуз на планинарските спортови
на Македонија
Спелеолошко друштво Пеони

Организација на изложбата во Музеј на град Скопје:
Емил Алексиев

Предговор:
Ферид Мухиќ
Самет Али

Превод на англиски:
Маја Хаџимитрова-Иванова

Фотографии:
Влахо Бранѓолица

Подготовка на каталогот:
Скенпоинт

Печати:
Лауренс Костер

Реализација:
Музеј на град Скопје

Изложбата и каталогот се реализирани со помош на:
Министерство за култура на Република македонија
Сорос Центарот за современа уметност Скопје

# ЕСТЕТСКА СПЕЛЕОЛОШКА ВЕРТИКАЛА

*Познавањето на анатомјата не му помага на метаболизмот!* А сепак, животот поминат во незнаење, не е вреден да се живее. Со сите удобности и предимства, современиот живот носи и недостатоци: не остава да живееме само по епидермот од сопствениот свет. Внатре е лушпата на урбаната изолираност, без имагинација, без нурнување и контемплација. Без естетско што е насекаде околу нас, над нас и под нас.

Собрани во милиони сомнамбули, талкаме следејќи ги тие стрелки, кругови, триаголници, полни и испреплетени линии, знаци за сообраќај што не водат севезден, цел живот подалеку од вертикалните простори над нас и под нас. Тие станаа симболи на нашата заробеност, без кои се чувствуваме загубени.

Долго веќе, плен сме на сопствената опчинетост од хоризонталата. А таа е само вечното *напред - назад, лево-десно...* мравки обдарени со волшебноста на умот, што на својата дарба заборавиле.

Оваа фасцинантна изложба е пред се, *чин на освестување*. Силно, шокантно будење од коматозноста на секојдневната инерција на површинскиот редукционизам. Влахо Брангѓолица и Али Самет ни ги покажуваат тајните скриени во церебралните пештери на Македонија, тука, на десетина километри од Скопје. Решен да го живее животот согласно на најдлабокиот човечки императив - *да ја сподели радоста и убавината*, Али Самет со својот спелеолошки ентузијазам лесно и темелно го заразил младиот мајстор на фотографијата - Влахо Брангѓолица. И така настанала оваа изложба.

Таа влегува во вековниот подземен сон што го сонуваат планините во непосредна близина на Скопје. Фасцинантниот кањон на Треска, познатата митолошка *Матка*, ги открива ониричките глетки и хипнотичката смиреност ослободена од идејата на брзање и доцнење. Низ тие кортекси на вознесувачката топографија извишена кон небото, шепоти тивката лирика на седиментите што обликуваат една неверојатна стварност. Откриваме со чудење дека сме способни да ја разбереме, но, за таа способност не би ни знаеле, ако не беа овие ентузијасти, овие страствени мудреци.

Кај нив не згаснала потребата да се живее согласно на најдобрите доблести на човекот. Да се ЗНАЕ ! Тие го градат и го следат, го пренесуваат и го толкуваат она најзначајното - ВЕРТИКАЛАТА. Од вртоглавите височини на *Света Недела*, до дното. А таму е зелен смарагд, езерско огледало на Матка. А, под него, таверни, пештери, спили; над нив орли безгласни. Долу е черепот на Земјата. Некои невидливи, во игра занесени деца, цели милениуми го градат подземниот дворец.

Мистериозниот спој на материјалното и духовното зрачи од секоја фотографија. Висока естетска чистота, на совршено јасен и организиран начин ја следи и нагласува оваа маестрална вертикала што оди од возвишената модрина на македонскиот дел од небото, до хтонските длабочини на нејзината потсвест. навистина, повеќе од се, оваа изложба е апотеоза на животот, пофалба на вертикалата. Голем освестувачки настан презентиран ликовно беспрекорно. За вакво нешто требаше да се има не само јасно око, туку и активна душа, несотрена од рутината на хотизонталата. Со својата естетска спелеолошка вертикала, Влахо и Али на најубав начин не разбудуваат од летаргијата на инструменталниот глиб на хоризонталната бесмисла во кој тоневме секојдневно. Со неа, тие ни ги враќаат двете клучни димензии: длабочината и височината.

***Ферид Мухиќ***



## ESTHETICAL SPELEOLOGICAL VERTICAL

*The knowledge of anatomy does not help the metabolism!* However, life spent in ignorance is not worth living. Along with all its comforts and advantages, the present life reveals its defects: it makes us live only on the epidermis of our own world, inside the shell of the urban isolation, without imagination, without diving and contemplation, without the esthetics that is all around us, above us and beneath us.

Gathered in millions of sleepwalkers we wander following the arrows, circles, triangles, full and broken lines, traffic signs that guide as every day, all our lives, away from the vertical spaces above and beneath us. They became the symbols of our captivity, without them we feel lost.

For a long time have we been the loot of our own charmingness by the horizontal. And there is only the eternal *"forward - backward"*, *"left - right"*... ants gifted with the magic of the mind who have forgotten their talents.

This fascinating exhibition is, in the first place, an *act of bringing to conciseness*. A sudden, shocking wakening from the coma of the everyday inertia of the surface reductionism. Ali Samet and Vlaho Brangjolica are showing us the secrets hidden in the cerebral caves of Macedonia, here, only ten kilometers from Skopje. Determined to live his life in accordance to the deepest human imperative - *to share the joy and the beauty* - Ali Samet with his speleological enthusiasm easy and profoundly infected the young master of the photography - Vlaho Brangjolica. This is how this exhibition came to existence.

It penetrates the ancient underground dream dreamt by the mountains near Skopje. The fascinating canyon of the river Treska, the famous mythological *"Matka"* reveal the oniric and hypnotic calmness unburdened by the idea of rushing and delaying. Through the cortexes of the exalting topography raised towards the skies whispers the silent lyric of the sediments that form an unbelievable reality. We find out with amazement that we are capable to understand it, but we would have forgotten that capability, we would not even have known about it if it were not for these enthusiasts, these passionate wise men.

They still live in accordance with the best abilities in man. To KNOW! They build and follow, they transfer and interpret the most important: the VERTICAL. From the dizzying heights of *"Sveta Nedela"*, down to the bottom. And there lies the green emerald, the lake mirror of Matka. And beneath it taverns, caves, hollows; above it, silent eagles. Down, inside the skull of the Earth, some invisible children, carried out by the game, have been building the underground court for millenniums.

The mysterious link of the material and the spiritual glows from each photography. The high esthetic pureness in a perfectly clear and organized way follows and emphasizes the magnificent vertical that leads to the exalted blueness of the Macedonian part of the skies, to the earthly depths of its subconscience. This exhibition is, more than everything else, an apotheosis of life, a praise to the vertical, a great enlightening event presented artistically impeccable. To achieve this, one has to have not only a clear eye but also an active soul, undamaged by the routine of the horizontal. With their esthetical speleological vertical Vlaho and Ali applied the best way to wake us from the lethargy of the instrumental mire of the horizontal senselessness into which we sink every day. With the vertical they bring us back the two key dimensions: the depth and the height.

***Ferid Muhic***



## THE CANYON OF MATKA

Republic of Macedonia has on its territory more than 10% karst regions that are rich with specific surface (crevices, depressions, valleys...) and underground forms (caves, pits, glaciers...). The only organization in our country engaged in researching and documenting of speleological objects is the Speleological Society ***Peoni***. In the past 36 years, the speleologists of ***Peoni*** have located 200 caves all around the country, but, to our regret, they are still unrevealed to the public.

With an appointment of the City Council of Skopje, in 1994 the region of the canyon Matka was declared a natural monument and given in custody to the Speleological Society ***Peoni***.

Being an exceptionally attractive place, in the past few years the canyon Matka attracts the attention of a large number of visitors from the country and from the world, which is due to the efforts to arrange the surroundings.

A number of sites (remnants of four fortifications and several basilicas from the Roman period, eight churches and monasteries built from the 12th to the 14th century) the natural rarities (ten caves and two pits, rare fauna and floral species) and the extraordinary beauties of this fascinating surroundings are only a part of the secrets hidden in the canyon Matka. This mysterious world that could be accessed only by paths is far from the eyes of the public. The larger part of this treasure is in inaccessible and dangerous places which are risky to approach without the necessary security and an appropriate equipment.

In the past period the Speleological Society ***Peoni*** completed several projects in the filed of the ecology in the region of Matka: *Protecting the eagles of Matka, Feeding the animals during the winter, Mini-Zoo for rare animal species, Cleaning the lake, Setting up a speleological park* (preservation of the caves), etc.

The last important project organized by the Mountaineers' Association of Macedonia and the Speleological Society ***Peoni*** was the presentation of hidden values and natural beauties of Macedonia through the medium of the photography. The project was financially supported by the Open Society Institute - Macedonia. The exhibition of photographs was released in the canyon Matka with the help of the speleologists of the Speleological Society ***Peoni***.

***Samet Ali***


Publisher:
Museum of the City of Skopje

Editor in Chief:
Klime Korobar

Organizer of the exhibition:
Macedonian Mountain Sports Association
Speleological Society Peoni.

Organization of the exhibition in the Museum of the City of Skopje:
Emil Aleksiev

Preface:
Ferid Muhic
Samet Ali

Translation:
Maja Hadzimitrova-Ivanova

Photographs:
mag.art. Vlaho Brangolica

Prepress:
Skenpoint

Printed by:
Laurens Coster

Realization:
Museum of the City of Skopje

The exhibition and the catalogue wer supported by the:
Ministry of Culture of the Republic of Macedonia
Soros Centre for Contemporary Art-Skopje


